


# ВКУСИ ЈА ИТАЛИЈА СО BIRRA MORETTI И TINEX!

**КУПИ 3 ЛИМЕНКИ BIRRA MORETTI ОД БИЛО КОЈ TINEX МАРКЕТ И ИСПРАТИ ГО БРОЈОТ НА ФИСКАЛНА СМЕТКА, ДАТУМ И ВРЕМЕ НА КУПУВАЊЕ НА СМС 14747 ИЛИ НА VIBER ЧЕТБОТ BIRRA MORETTI MACEDONIA.**

**НАГРАДНАТА ИГРА ТРАЕ ОД 10 АПРИЛ ДО 4 ЈУНИ СО ВКУПНО 5 ИЗВЛЕКУВАЊА! ВО СЕКОЕ ИЗВЛЕКУВАЊЕ МОЖЕШ ДА ОСВОИШ:**

**ГЛАВНА НАГРАДА**



ПЕЧКА ЗА ПИЦА



x3




x5



x10

...И МНОГУ ДРУГИ ВРЕДНИ НАГРАДИ!




BIRRA MORETTI

Luigi Moretti

Донеси ја Италија во твојот дом!

Со вклучување во наградната игра на Birra Moretti и Tinex, покрај уникатното италијанско пиво ќе имаш можност да уживаш и во врвна италијанска пица направена со Ooni печка.

**Како до награда?**

- Купи 3 лименки Birra Moretti пиво од било кој Tinex маркет во Македонија
- Испрати го бројот на фискалната сметка, датумот и времето на купување во формат: #0000 10-04 12:15 на смс бројот 14747 (Цена на една СМС порака е МКД 5 без ДДВ односно МКД 5,9 со вклучен ДДВ) или преку viber чет-ботот Birra Moretti Macedonia (пораките преку viber не се наплаќаат)
- Чувај ја фискалната сметка во случај да бидеш еден од добитниците.

**Кога се извлекувањата?**

- Прво извлекување: 20.04.2023
- Второ извлекување: 01.05.2023
- Трето извлекување: 12.05.2023
- Четврто извлекување: 24.05.2023
- Петто извлекување: 05.06.2023

**Во секое извлекување можеш да добиеш една од следниве награди:**

- Главна награда: 1х Печка за пица Ooni
- 3 x миксери PHILIPS
- 5 x дрвени даски за пица
- 10 x дрвени сукала за тесто
- 10 x пакет производи (24 лименки 0,5 л) Birra Moretti

- 10 x сет чаши Birra Moretti
- 5 x пакет производи за подготовка на пица

Сите броеви од фискални сметки испратени за време на едно коло, учествуваат само во тоа коло. Секое коло е нова можност за добивка и што повеќе испратени фискални сметки тоа поголеми шанси да добиеш некоја од вредните награди.

Не заборавај да ја чуваш фискалната сметка, во случај на добивка ќе треба да ја прикажеш при преземање на наградата!



# ПРАВИЛА НА НАГРАДНАТА ИГРА

**„Вкуси ја Италија со Birra Moretti и Tinex“**

**1. Назив и седиште на трговското друштво – Приредувач:**
Назив: Агенција за маркетинг БРЕНД ЈУНИОН ДОО Скопје
Седиште: ул. Петар Попарсов бр. 8/1-5, општина Центар, Скопје

**2. Назначување на производите и услугите заради чие рекламирање се приредува наградната игра:**
Рекламирање на производ на Пивара Скопје АД (Нарачател на Наградната игра) - пивото Birra Moretti 0,5 литри лименка.
Во Наградната игра учествува следниот производ и пакување:

- Пиво Birra Moretti 0,5 литри – пакување во лименка.

**3. Име, опис и времетраење на наградната игра:**
3.1 Официјално име на наградната игра:
„**Вкуси ја Италија со Birra Moretti и Tinex**”

3.2 Опис на Наградната игра:
Со купување на 3 (три) пива Birra Moretti од 0,5 литри во лименка од било кој ТИНЕКС маркет секој потрошувач се стекнува со право за учество и станува потенцијален добитник на награди. Купувачот треба да испрати СМС порака на бројот: 14747 или порака преку viber платформата на чет-ботот: Birra Moretti Macedonia во која треба да го наведе бројот на фискалната сметка на која што се евидентирани купените производи (3 x Birra Moretti лименки од 0,5 литри), датумот и времето на издавање на фискалната сметка односно пораката треба да го има следниот формат: **#број на фискална сметка (празно место) датум (ден-месец) (празно место) време на купување (час:минута)**.

За успешно испратена порака, учесникот ќе добие потврдна порака со следната содржина:
„Вашата порака е успешно регистрирана. Чувајте ја фискалната сметка како потврда за подигнување на награда доколку бидете извлечени.“

За испратена порака која е нецелосна или не одговара на форматот утврден со овие Правила, учесникот ќе добие потврдна порака со следната содржина:

*„Почитувани, испративте погрешен формат на порака. Форматот на пораката мора да биде: #број на фискална сметка (празно место) ден-месец (празно место) час:минута Пример: #0000 10-04 12:15“*

За испратена порака пред почетокот на наградната игра, учесникот ќе добие повратна порака со следната содржина:
*„Почитувани, наградната игра започнува на 10 април 2023 година и трае до 04 јуни 2023 година. Испратете ја пораката повторно во овој временски период.“*

За испратена порака после завршувањето на наградната игра, учесникот ќе добие повратна порака со следната содржина:
*„Почитувани, наградната игра Вкуси ја Италија со Birra Moretti и Tinex е завршена.“*

За испратена порака со истите податоци од истиот телефонски број, учесникот ќе добие порака со следната содржина:
*„Почитувани, бројот на фискална сметка, датумот и времето на купување што го испративте се веќе регистрирани за наградната игра.“*

Секој учесник во Наградната игра може да учествува со неограничен број на фискални сметки, со тоа што еден број на

фискална сметка со ист датум и час, може да се испрати само еднаш.

Во Наградната игра учествуваат само фискални сметки за купени минимум 3 пива Birra Moretti од 0,5 литри во лименка купени во било кој ТИНЕКС маркет на територијата на државата.
Учесниците треба да ја чуваат фискалната сметка до крајот на Наградната игра и истата треба да ја прикажат на увид при преземање на наградите. Доколку фискалната сметка не соодејствува со податокот наведен во пораката која е наградена, наградата ќе биде доделена на извлечениот резервен добитник.

Вкупниот број на награди кои ќе бидат доделени е 220.

Трошоците за учество (праќање на  СМС пораки од операторите А1 Македонија и Телеком) се на трошок на  учесниците во Наградната игра. Цена на една СМС порака е МКД 5 без ДДВ односно МКД 5,9 со вклучен ДДВ. Пораките испратени преку viber платформата на чет-ботот: Birra Moretti Macedonia не се наплаќаат.

Наградите не е можно да се заменат, ниту е можно да се бара исплата на нивната парична противвредност.

Наградната игра во име на Приредувачот во поглед на софтверската организација ја спроведува Друштво за информатички технологии ВИРТУАЛ СЦ ДООЕЛ Скопје со ЕМБС 7122896.

Дополнителни  информации за Наградната игра и за нејзиното траење ќе бидат достапни на: веб страницата www.polnacasa.mk, онлајн преку дигиталните канали на

Birra Moretti и ТИНЕКС, печатениот промотивен и рекламен материјал кој ќе биде достапен на продажните места на ТИНЕКС маркетите.

Контакт центар за прашања во врска со наградната игра 0800-1-8888 (бесплатен повик).

3.3 Времетраење на Наградната игра:
Почеток: 00:00:00 часот на 10.04.2023 година
Крај: 23:59:59 часот на 04.06.2023 година

4. **Опис и содржина на потврдата врз чија основа се стекнува право на учество во наградната игра:**
Како потврда за учество во Наградната игра ќе се смета:

- фискалната сметка од било кој ТИНЕКС маркет за купени минимум 3 пива Birra Moretti од 0,5 литри во лименка за времетраењето на Наградната игра, а која фискална сметка ќе му се издаде на потрошувачот и на која јасно се гледа бројот на фискална сметка, датумот и часот на издавање на сметката и
- СМС порака испратена на бројот 14747 или viber порака до платформата на чет-ботот: Birra Moretti Macedonia, во формат како е утврдено со овие Правила и со која порака потрошувачот се пријавил за учество во Наградната игра.

Фискалната сметка ќе биде прифатена како потврда за учество во Наградната игра само доколку купувањето е извршено за времетраењето на Наградната игра, што се утврдува од датумот и часот на издавање на фискалната сметка.

Податоците во приложената фискална сметка треба да соодветствуваат со податоците испратени во СМС / viber пораката која е извлечена како добитник. Приредувачот нема да сноси никаква одговорност за СМС/ viber пораките што не

ги содржат потребните информации и истите нема да бидат земени предвид како валидни.

Приредувачот го задржува правото да ги одбие сите испратени броеви на фискални кои се стекнати на нелегитимен начин, репродуцирани, дуплирани, измислени или модифицирани на кој било начин.

5. **Територија на која се приредува наградната игра, односно на која се врши уплатата за учество во наградната игра:**
Наградната игра се организира и се спроведува на целата територија на Република Северна Македонија во сите ТИНЕКС маркети на следните локации:

| | | |
|---|---|---|
| бул. „Асном“ бр.3, Битола | ул. „Васил Ѓоргов“ бр.16, Скопје | ул.„Питу Гули“ бр.59, Скопје |
| **Драчево** ул. „Бранко Заревски“ бр.7, Скопје | **Злокуќани** ул. „Скупи“ бр. 28, Скопје | |
| **Државна болница** ул. „Мајка Терез“ бр.41, Скопје | **Јужен булевар** ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.1, Скопје | |
| **Ѓорче Петров** ул. „Ѓорче Петров“ бр.22, Скопје | **Куманово** Плоштад „Маршал Тито“ бр. 55, Куманово | |
| **Кавадарци** Плоштад „Маршал Тито“ бр. 1а, Кавадарци | **Мајчин Дом** бул. „Јане Сандански“ бр.13, Скопје | |
| **Карпош 3** ул.„Никола Русински“ бр. 17, Скопје | **Млечен** ул. „Багдадска“ бр.36, Скопје | |
| **Карпош 4** ул. „Вич“ бр. 6, Скопје | **Охрид** ул. „7-ми Ноември“ бр.286, Охрид | |
| **Кисела Вода 1** бул. „Борис Трајковски“ бр.19 ( Првомајска ), Скопје | **Прашка** ул. „Прашка“ бр.15 , Скопје | |
| **Кисела Вода 2** ул. „Франк Харкорт Манинг“ бр.4, Скопје | **Првомајска** бул. „Борис Трајковски“ бр.66 (Првомајска ), Скопје | |

| | | |
|---|---|---|
| **Кочани**<br>ул. „Борис Трајковски“ бр. 2 , Кочани | **Прилеп**<br>ул. „Методија Шаторов Шарло“ бр.22, Прилеп | |
| **Охрид 1**<br>Бул. „Македонски просветители“ бр.1 Комплекс Летница, Охрид | **Раде Кончар**<br>бул. „3-та македонска бригада“ бр.56, Скопје | |
| **Охрид 2**<br>ул. „Никола Карев“ бр.12а, Охрид | **Струмица Супер**<br>ул. „Климент Охридски“ бр.51 (во склоп на Retail Park „One Stop Shop”), Струмица | |
| **Порта Аеродром**<br>ул. „Методија Шаторов Шарлов“ бр.1 локал 10, Скопје | **East Gate Mall**<br>ул. „Беласица“ бр 2, Скопје | |
| **Прилеп**<br>бул. „Гоце Делчев“ бр.37/3, Прилеп | **Lisa centar**<br>бул. „Видое Смилески-Бато“ бр.8, Скопје | |
| **Стара Телевизија**<br>ул. „Никола Парапунов“ бр. 27, Скопје | | |
| **Струга 3**<br>Кеј „8-ми Ноември“ бр.2, Струга | | |
| **Струмица**<br>ул. „Маршал Тито“ бр.7, Струмица | | |
| **Тетово**<br>ул. „Илинденска“ бр. 186, Тетово | | |
| **Пиом**<br>ул. „23 Октомври“ бр.7, Скопје | | |
| **Хром**<br>ул. „Кленоец“ бр.69, Скопје | | |
| **Центар 2**<br>ул. „Васил Главинов“ бр.3, Скопје | | |
| **Ченто**<br>ул. „Јужноморавски бригади“ бр.3, Скопје | | |
| **Шипад**<br>бул. „Кочо Рацин“ бр.14, Скопје | | |
| **Штип**<br>ул. „Тошо Арсов“ бр. 32, Штип | | |

6. Податоци за наградите во наградната игра:
Наградниот фонд е составен од вкупно 220 награди.
Вкупниот награден фонд се состои од следните награди:

- **5 – пет главни награди:** Печка за пица Ooni UU-P0AD00
- **Други награди:**
- 15 x миксери PHILIPS HR-3705/00
- 25 x дрвени даски за пица f35
- 50 x дрвени сукала за тесто
- 50 x пакет производи Birra Moretti (кои пакети се состојат од: 24 лименки Birra Moretti од 0,5 литри)
- 50 x пакет чаши Birra Moretti (кои пакети се состојат од: 6 чаши)
- 25 x пакет производи за подготовка на пица (кои пакети се состојат од: престилка за готвење, брашно за пица ЖИТО ЛУКС 1 кг, квасец ДОЛЧЕЛА ПОДРАВКА 10 гр, доматен сос МУТИ ПЕЛАТИ 410 гр, маслиново масло САЛВАТОРИ САНСА 500 мл).

Во текот на Наградната игра ќе има вкупно 5 извлекувања и во секое извлекување ќе бидат доделени по 44 награди, како што следи:

- **Главна награда**: 1x Печка за пица Ooni
- **Други награди**:
- 3 x миксери PHILIPS HR-3705/00
- 5 x дрвени даски за пица f35
- 10 x дрвени сукала за тесто
- 10 x пакет производи Birra Moretti (кои пакети се состојат од: 24 лименки Birra Moretti од 0,5 литри)
- 10 x сет чаши Birra Moretti (кои пакети се состојат од: 6 чаши)
- 5 x пакет производи за подготовка на пица (кои пакети се состојат од: престилка за готвење, брашно за пица ЖИТО ЛУКС 1 кг, квасец ДОЛЧЕЛА ПОДРАВКА 10 гр, доматен сос МУТИ ПЕЛАТИ 410 гр, маслиново масло САЛВАТОРИ САНСА

500 мл)..

**7.Поединечна вредност на секоја награда од фондот на награди и вкупна вредност на фондот на награди, искажани во денари:**

- Поединечната вредност на секоја награда од фондот на награди изнесува:

| Награда | Количина | Поединечна вредност во МКД со вклучено ддв | Вкупна вредност во МКД со вклучено ддв |
|---|---|---|---|
| Печка за пица Ooni UU-P0AD00 | 5 | 22.213,65 | 111.068 |
| Миксер PHILIPS HR-3705/00 | 15 | 2.389,7 | 35.846 |
| Дрвена даска за пица f35 | 25 | 983 | 24.575 |
| Дрвено сукало за тесто | 50 | 237 | 11.850 |
| Пакет производи 24 лименки Birra Moretti од 0,5 литри | 50 | 1.267 | 63.350 |
| Сет чаши Birra Moretti (6 чаши во сет) | 50 | 955 | 47.750 |
| Пакет производи за подготовка на пица (престилка за готвење, брашно за пица ЖИТО ЛУКС 1 кг, квасец ДОЛЧЕЛА ПОДРАВКА 10 гр, доматен сос пелатМУТИ ПЕЛАТИ 410 гр, маслиново масло САЛВАТОРИ САНСА 500 мл ) | 25 | 1.433 | 35.825 |

- Вкупната вредност на фондот на награди изнесува МКД 330.264 ден. (со зборови: триста и триесет илјади двесте шеесет и четири денари) со вклучен ДДВ.

8. **Услови за учество во наградната игра:**
Право на учество во Наградната игра, која е предмет на овие Правила, имаат сите полнолетни физички лица со постојано живеалиште во Република Северна Македонија и кои ги прифаќаат условите од овие Правила.
Секој учесник во Наградната игра потврдува дека е целосно запознаен со овие Правила и дека ги прифаќа.

Право на учество во Наградната игра се стекнува со купување на минимум 3 (три) пива Birra Moretti од 0,5 литри во лименка за времетраењето на Наградната игра во било кој ТИНЕКС маркет на територијата на државата и со испраќање на СМС порака на бројот 14747 или viber порака до платформата на чет-ботот: Birra Moretti Macedonia, во формат како е утврдено со овие Правила.

Во Наградната игра секој учесник може да учествува со неограничен број на фискални сметки, со тоа што еден број на фискална сметка, со ист датум и час, може да се испрати само еднаш.

9. **Текот на постапката на приредувањето, односно спроведувањето на наградната игра:**
Потрошувачите кои ги исполнуваат Условите за учество во Наградната игра, со купување на 3 (три) пива Birra Moretti од 0,5 литри во лименка за времетраењето на Наградната игра во било кој ТИНЕКС маркет на територијата на државата и со испраќање на СМС порака од било кој мобилен оператор во Република Северна Македонија на бројот **14747** или **viber порака до платформата на чет-ботот: Birra Moretti Macedonia** со содржина (формат): #број на фискална сметка (празно место) датум (ден-месец) (празно место) време на купување (час:минута), во периодот од 00:00:00 часот на 10.04.2023 година до 23:59:59 часот на 04.06.2023 година

станиваат потенцијални добитници на некоја од наградите од Наградниот фонд од овие Правила.

Во случај Приредувачот да процени и докаже дека учесникот не ги почитувал Правилата на наградната игра, има право во било кој момент да ги откаже сите обврски кон учесникот. Добитникот не должи никакви даноци, обврски, ниту надоместоци директно поврзани со наградите.

Наградната игра може да се прекине во случај на виша сила со добивање согласност од Министерството за финансии. Под виша сила се подразбира настапување на вонредни околности кои не можеле да се предвидат, избегнат или отстранат и се независни од волјата на Приредувачот.
Во случај во Наградната игра да се пријават помал број учесници од бројот на наградите предвидени со наградниот фонд, наградите ќе се доделуваат според редослед на наградите како се наведени во овие Правила, сѐ додека не се наградат сите пријавени учесници.

10. **Место, време, начин, постапка и контрола на извлекувањето на наградите, односно на определувањето на добивките и добитниците:**

Во Наградната игра ќе има 5 (пет) извлекувања односно 5 (пет) кола, како што следи:

I коло за пораки испратени во период од 00:00:00 часот на 10.04.2023 до 11:59:59 часот на 20.04.2023 - Извлекување на 20.04.2023 по 12:00:00 часот
II коло за пораки испратени во период од 12:00:00 часот на 20.04.2023 до 11:59:59 часот на 01.05.2023 - Извлекување на 01.05.2023 по 12:00:00 часот
III коло за пораки испратени во период од 12:00:00 часот на

01.05.2023 до 11:59:59 часот на 12.05.2023 - Извлекување на 12.05.2023 по 12:00:00 часот.
IV коло за пораки испратени во период од 12:00:00 часот на 12.05.2023 до 11:59:59 часот на 24.05.2023 - Извлекување на 24.05.2023 по 12:00:00 часот.
V коло за пораки испратени во период од 12:00:00 часот на 24.05.2023 до 23:59:59 часот на 04.06.2023 - Извлекување на 05.06.2023 по 12:00:00 часот.

Во секое коло ќе бидат доделени следните награди:

- Главна награда: 1x Печка за пица Ooni
- Други награди:
- 3 x миксери PHILIPS HR-3705/00за тесто
- 5 x дрвени даски за пица f35
- 10 x дрвени сукала за тесто
- 10 x пакет производи Birra Moretti Бирра Моретти (кои пакети се состојат од: 24 лименки Birra Moretti од 0,5 литри)
- 10 x сет чаши Birra Moretti Бирра Моретти (кои пакети се состојат од: 6 чаши)
- 5 x пакет производи за подготовка на пица (кои пакети се состојат од: престилка за готвење, брашно за пица ЖИТО ЛУКС 1 кг, квасец ДОЛЧЕЛА ПОДРАВКА 10 гр, доматен сос МУТИ ПЕЛАТИ 410 гр, маслиново масло САЛВАТОРИ САНСА 500 мл).престилка, брашно, квасец, пелат, маслиново масло).

Извлекувањата од секое коло ќе се одржат на ул. Бојмија бр. 3/6К, општина Аеродром, Скопје по автоматски пат преку компјутерска платформа која ќе ги извлекува добитниците по пат на алгоритам за случаен избор, почнувајќи од главната награда, па потоа сите останати по редослед како се наведени во овие Правила. За секоја награда ќе биде извлечен и резервен добитник.

Извлекувањето ќе биде во присуство на трочлена комисија во состав од по еден претставник на Приредувачот, Нарачателот на Наградната игра и  Друштво за информатички технологии ВИРТУАЛ СЦ ДООЕЛ Скопје, која ќе ја надгледува исправноста на извлекувањето и за истото ќе води записник.

Дата центарот е лоциран на следнава адреса Contabo GmbH Aschauer Straße 32a, 81549 Munich, Germany.

Учесниците кои не биле извлечени во рамки на едно коло не учествуваат во извлекувањата од било кое наредно коло, односно секој учесник во едно коло е потенцијален добитник само за тоа коло.

Во извлекувањата од секое коло ќе учествуваат само СМС/ Viber пораки кои биле испратени во рамки на временските интервали утврдени за секое одделно коло во став 1 од оваа Точка 10) од овие Правила.

11. **Начин на објавување на резултатите, односно добитниците на наградите:**
Сите телефонски броеви и броевите на фискалните сметки на добитиците од секое извлекување ќе бидат јавно објавени во рок од 24 часа од секое од петте извлекувања на веб страницата www.polnacasa.mk,  а секој  добитник ќе биде известен и поединечно со телефонски повик и СМС порака. Објавата на телефонскиот број ќе биде во следниот формат: 07. … .XX, со цел да се заштити идентитетот на добитниците на наградите.

Добитниците на награди со самото учество во наградната игра се согласни доколку бидат извлечени за некоја награда, нивниот телефонски број (без последните 2 цифри од

телефонскиот број) да биде јавно објавен на горенаведената интернет страница.

12. **Начин на исплатата, односно остварување на добивката:**
Сите добивки ќе бидат испорачани на домашна адреса на секој добитник односно адресата која секој добитник ќе ја даде во телефонскиот повик кога ќе биде известен за добиената награда преку курирска служба. При предавањето на наградата, добитникот на наградата е должен да потпише потврда за преземање на наградата и да ја прикаже оригиналната фискална сметка. Во спротивно, курирската служба ќе има право да одбие да му ја предаде наградата.

Сите добитници ќе добијат потврда за добивка подготвена и заверена од Приредувачот. Во потврдата ќе бидат наведени личните податоци (име и презиме) на добитникот на наградата и видот на наградата. Личните податоци ќе бидат земени само со цел издавање официјална потврда за добивка и истите ќе бидат доставени од страна на курирска служба која ќе ја врши доставата.

Ако добитникот сака да ја пренесе наградата на друго лице ќе треба да потпише согласност дека ја пренесува наградата.

Ако добитникот се откаже од преземање на наградата од која било причина, должен е за тоа да го извести Приредувачот во рок од 8 (осум) дена од денот кога со телефонски повик е известен дека е добитник на награда.

13. **Рок во кој се врши исплатата, односно остварување на добивката:**
Рокот за подигање на наградите од наградната игра е најдоцна 60 дена од денот на објавувањето на добитниците на

наградите.

14. **Начин на запознавање на учесниците во наградната игра со правилата на играта:**
Правилата на играта ќе бидат објавени на веб страницата www.polnacasa.mk пред започнување на Наградната игра, а по добивањето согласност за приредување на Наградната игра од страна на Министерството за финансии на Република Северна Македонија.

15. **Рок во кој незадоволниот учесник во наградната игра има право да поднесе приговор против приредувачот на наградната игра:**
Секој учесник има право да поднесе писмен приговор до Приредувачот во рок од 5 (пет) работни дена сметано од денот на објавување на резултатите на веб страницата.
Приговорот треба да се испрати на адресата на седиштето на Приредувачот.

Приредувачот има обврска писмено да одговори на приговорот во рок 5 (пет) работни дена сметано од денот на прием на истиот.
Во случај на спор, надлежен е судот во Скопје.

16. **Забрана за учество во наградната игра на вработените кај приредувачот на наградната игра, како и членовите на нивните потесни семејства:**
Во Наградната игра не може да учествуваат малолетни лица и лица кои за времетраењето на Наградната игра се вработени кај Приредувачот Агенција за маркетинг БРЕНД ЈУНИОН ДОО Скопје со ЕМБС 6761968, Нарачателот на Наградната игра Трговско друштво за пиво, слад, оцет, алкохолни и безалкохолни пијалаци ПИВАРА СКОПЈЕ АД Скопје со ЕМБС 4053974 и Друштво за информатички технологии ВИРТУАЛ СЦ

ДООЕЛ Скопје со ЕМБС 7122896.

17. **Одговорност**
Секој учесник во Наградната игра потврдува и се согласува дека неговото учество во Наградната игра е на негов сопствен ризик.
Приредувачот, Нарачателот на Наградната игра и операторите не сносат никаква одговорност за евентуални потешкотии / прекини на мобилните мрежи, прекини во комуникација, нефункционирање на viber платформата на чет-ботот: Birra Moretti Macedonia, како и нефункционирање / прекини на системот и механизмот преку кој се одвива Наградната игра.

Со плаќањето на персоналниот данок и предавањето на наградите престануваат понатамошните обврски на Приредувачот и Нарачателот на Наградната игра спрема добитниците. Приредувачот и Нарачателот на Наградната игра немаат никаква одговорност што може да произлезе од користењето на наградите, како и за плаќање на било какви штети што на било каков начин се поврзани со користењето на наградата.

Приредувачот не одговара во случај кога извлечената награда не може да биде предадена и/или искористена од извлечениот добитник поради негова неможност да одговори на телефонскиот повик, невалидност на дадената адреса за испорака на наградата или поради други технички или правни пречки поврзани со конкретниот добитник, како и поради околности на виша сила, законски или нормативни ограничувања или други околности на кои Приредувачот не може да влијае.

Приредувачот и Нарачателот на Наградната игра нема да сносат никаква одговорност во случај на спор меѓу учесниците

во Наградната игра по однос на сопственоста на фискалната сметка, како и во случај на печатни грешки во рекламните материјали.

18. **Обработка на лични податоци**
Со учество во Наградната игра учесниците даваат согласност, во случај на добивање на некоја од наградите, на Приредувачот да ги дадат следните податоци неопходни за издавање официјална потврда за добивка на добитниците: име и презиме. Во овој случај, прибавените лични податоци ќе се чуваат 3 (три) месеци по завршувањето на Наградната игра, по што ќе бидат избришани/уништени од базите на Приредувачот и нема да се обработуваат за други цели.

Целта на користење и пренос на податоци од страна на Приредувачот согласно став 1 од оваа Точка е исклучително за спроведувањето и во администрирањето на наградната игра, односно заради изготвување на официјална потврда за добивка на добитниците.

Со учество во Наградната игра учесниците даваат согласност, во случај на добивање на некоја од наградите, на Приредувачот да ги дадат следните податоци неопходни за достава на наградите, а Приредувачот истите да ги проследи до курирската служба заради непречена достава на наградите: име и презиме, адреса за достава на наградата и телефонски број за контакт. При достава на наградите, секој добитник на награда е согласен да се изврши увид во неговата лична карта со цел утврдување на правото на учество во наградната игра односно дека добитникот е полнолетен. Во случај добитникот да не е полнолетен, истиот нема право на наградата. Во овој случај, прибавените лични податоци ќе се чуваат 3 (три) месеци по завршувањето на Наградната игра, по што ќе бидат избришани/уништени од базите на Приредувачот и нема да

се обработуваат за други цели. Приредувачот се обврзува дека нема да ги проследува личните податоци на други трети лица, освен до курирската служба Друштво за услуги ПОСТ ЕКСПРЕС МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје заради непречена достава на наградите.

Целта на користење и пренос на податоци од страна на Приредувачот согласно став 3 од оваа Точка е исклучително за спроведувањето и во администрирањето на наградната игра, односно заради достава на наградите и проверка на правото за учество во Наградната игра преку увид во личната карта на добитниците.

Приредувачот и Нарачателот на Наградната игра ќе ги користат и обработуваат личните податоци на добитниците од претходниот став исклучиво за целите на Наградната игра, односно со цел објавување на добитниците на веб - страницата на Нарачателот на Наградната игра. Податоците ќе бидат достапни на веб страната на Нарачателот на Наградната игра, 60 (шеесет) дена по завршувањето на Наградната игра по што ќе бидат избришани/уништени од базите на Нарачателот на Наградната игра и нема да се обработуваат за други цели.

Дадената писмена согласност за користење на личните податоци од страна на Организаторот и Нарачателот на Наградната игра, добитниците имаат право да ја отповикаат во секој момент, со доставување на барање, на следната адреса: ул. Петар Попарсов бр. 8/1-5, општина Центар, Скопје, со назнака „за Офицерот за заштита на лични податоци" или преку следната електронска адреса oliver.noveski@brandun-ion.mk, врз основа на кое барање личните податоци ќе бидат избршани.
Добитниците имаат право во секој момент да побараат пристап до или исправка на своите личните податоци за што

е потребно да достават барање на следната адреса: ул. Петар Попарсов бр. 8/1-5, општина Центар, Скопје,  со назнака „за Офицерот за заштита на лични податоци" или преку следната електронска адреса oliver.noveski@brandunion.mk.

Добитниците имаат право во секој момент да побараат обработката на личните податоци да се ограничи, за што е потребно да достават барање на следната адреса: ул. Петар Попарсов бр. 8/1-5, општина Центар, Скопје,  со назнака „за Офицерот за заштита на лични податоци" или преку следната електронска адреса oliver.noveski@brandunion.mk, под услов да:

- се оспорува точноста на личните податоци, за период кој му овозможува на Приредувачот да ја провери точноста на личните податоци; и/или
- обработката е незаконска и добитникот се спротивставува на бришењето на личните податоци, при што наместо бришење бара ограничување на нивната употреба;
- Приредувачот нема повеќе потреба од личните податоци за целите на обработка, но добитникот ги бара со цел за воспоставување, остварување или одбрана на неговите правни барања.

Доколку некој учесник/добитник смета дека обработката на неговите лични податоци за цел на спроведување на наградната игра од страна на Приредувачот не е во согласност со одредбите на Законот за заштита на личните податоци или пак смета дека е повредено некое негово право по однос на заштитата на личните податоци, може да се обрати до Агенцијата за заштита на личните податоци како надлежен орган за вршење на надзор над законитоста на преземените активности при обработката на личните податоци на територијата на Република Северна Македонија, како и за заштита на темелните права и слободи на физичките лица во однос на обработката на нивните лични податоци.

Од страна на Приредувачот, Нарачателот на Наградната игра и Друштво за информатички технологии ВИРТУАЛ СЦ ДООЕЛ Скопје ќе бидат определени лица овластени за обработка на личните податоци поврзани со реализацијата на оваа наградна игра. Овластените лица своерачно ќе потпишат и Изјава за тајност и заштита на личните податоци согласно прописите за заштита на личните податоци.

Приредувачот се обврзува за времетраењето на Наградната игра и 3 (три) месеци по завршувањето на Наградната игра да применува технички и организациски мерки кои ќе обезбедуваат соодветен степен на тајност и заштита на лични податоци на субјектите на лични податоци. По истекот на рокот за чување на личните податоци, Приредувачот ќе ги уништи согласно неговите процедури за уништување документи, а според прописите за заштита на лични податоци.

19. **Потенцијални спорови**
Во случај на спор помеѓу Приредувачот и учесниците на наградната игра, надлежни се соодветните стварно и месно надлежни судови во Скопје.